Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 04-600/ 20

Дата: 11. 02 02.2021
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 48, член 52 и член 53 од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.", број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М" број 275/2019 и 14/2020), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Сл.Весник на РМ" бр. 11/2015) и Правилник за дополнување на Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас бр. (Сл. Весник на РМ бр.35/2018 и Сл. Весник на РСМ бр.303/2020),

Секретарот на Општина Кавадарци, донесе

## ОДЛУКА
### за избор за кандидат за унапредување

I. Во врска со Интерниот оглас бр. 01/2021 за унапредување на административни службеници во Општина Кавадарци, објавен на ден 03.02.2021 година на интернет страниците на Агенцијата за администрација и на Општина Кавадарци,

за работно место - УПР 01 01 В01 000 – Советник изготвување на предлог буџет, Одделение за буџетска координација, Сектор за финансиски прашања …...……..1 извршител,

СЕ ИЗБИРА кандидатот **ЦВЕТАНКА ИВАНОВСКА.**

II.Одлуката за избор за унапредување се објавува на интернет страницата на Општина Кавадарци.

### Образложение

Во член 48, член 49, член 50, член 51, член 52, од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.", број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М" број 275/2019 и 14/2020) предвидена е постапка за вработување на државни службеници врз основа на објавен Интерен оглас.

Согласно Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен Интерниот оглас ("Сл.Весник на РМ" бр. 11/2015) и Правилник за дополнување на Правилникот за формата и содржината

[redacted]

на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Сл. Весник на РМ" бр.35/2018 и "Сл. Весник на РСМ" бр.303/2020), Општина Кавадарци во електронска форма на интернет страницата на Општина Кавадарци и на Агенцијата за администрација на ден 03.02.2021 година објави Интерен Оглас бр. 01/2021.

Врз основа на објавениот Интерен оглас бр. 01/2021 за унапредување на административен службеник во Општина Кавадарци за работното место со шифра УПР 01 01 В01 000 – Советник изготвување на предлог буџет, Одделение за буџетска координација, Сектор за финансиски прашања ……..……..1 извршител, со Решение бр. 04-600/12 од 09.02.2021 година формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници во Општина Кавадарци.

Комисијата за селекција за унапредување, согласно Записникот за административна селекција на кандидати бр. 04-600/13 од 11.02.2021 година и Записникот за спроведување на интервју бр.04-600/15 од 11.02.2021 година изготви Финална ранг листа и до Секретарот на Општина Кавадарци достави предлог одлука од интревјуирани кандидати за работното место Советник изготвување на предлог буџет, Одделение за буџетска координација, Сектор за финансиски прашања, во Општина Кавадарци.

Согласно член 52 став (1) од Законот за административни службеници, Секретарот на Општина Кавадарци , по добивањето на Предлогот за прворангираниот кандидат одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Арх.Бр. 04-600/
Дата:________02.2021
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

**Изработил;**
**Флорина Делова**
**Контролирал; Одобрил**
**Надица Алексова**

**Секретар на Општина**
**Тодор Ефремов**

Доставено до:
- именуваниот;
- Одделение за управување со човечки ресурси
- архива на Општина Кавадарци
- Одделение за информатичко комуникациска технологија